**Уп. бр. 08-24/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ауцтор Холдинг а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 700/113а, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, и СПВ Сецонд а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 675/9, Карлин, 186 00 Прага8, Чешка Република, доставено преку Адвокатско друштво Георги Димитров од Скопје, на седницата одржана на ден 12.02.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Ауцтор Холдинг а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 700/113а, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, и СПВ Сецонд а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 675/9, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, преку друштво ДД Раил Пропертиес, со регистрирано седиште на адреса 1. Маје 3302/102а, Моравска Острава, 703 00 Острава, Чешка Република, ќе стекнат заедничка контрола врз ОТ ЛОГИСТИЦС С.А., со регистрирано седиште во Шчецин, ул. Збожова 4, 70-653 Шчецин, Полска, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.01.2026 година, а дополнето на 11.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Ауцтор Холдинг а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 700/113а, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, и СПВ Сецонд а.с., со регистрирано седиште на адреса Соколовска 675/9, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, со која Ауцтор Холдинг а.с., и СПВ Сецонд а.с., преку друштво ДД Раил Пропертиес со регистрирано седиште

на адреса 1. Маје 3302/102а, Моравска Острава, 703 00 Острава, Чешка Република,ќе стекнат заедничка контрола врз ОТ ЛОГИСТИЦС С.А., со регистрирано седиште во Шчецин, ул. Збожова 4, 70-653 Шчецин, Полска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Ауцтор Холдинг а.с**. е акционерско друштво основано согласно законите на Чешката Република. Истото функционира како холдинг друштво за управување со инвестиции во деловни активности кои претежно се лоцирани во Република Хрватска. Комерцијално е активно главно во областа на хотелските услуги и здравствената индустрија.

Ауцтор Холдинг а.с. е под заедничка контрола на чешкото друштво ЈТПЕГ Кроација Инвестментс а.с. (под исклучива контрола на Ј&Т ПРИВАТЕ ЕКВИТИ ГРОУП ЛИМИТЕД од Кипар) и хрватското друштво АУЦТОР ПРИМЕ д.о.о. под исклучива контрола на г. Олег Ускоковиќ од Република Хрватска.

ЈТЕПГ Групацијата нема подружница во Северна Македонија и е присутен на пазарот во Северна Македонија само маргинално, во областа на големопродажба на фармацевтски производи.

**СПВ Сецонд а.с**е под исклучива контрола на физичкото лице Јарослав Стрнад кој е комерцијално активен особено преку групацијата ЦЕ Индустриес, која оперира на европските пазари во секторите на железнички транспорт, рециклирање на суровини, енергетика и прехранбени и дрогериски производи. Јарослав Стрнад исто така поседува и контролира одредени друштва кои работат надвор од ЦЕ Групацијата (заедно со ЦЕ Групацијата: „ЈС Групација“).

ЈС Групацијата. нема подружница во Северна Македонија и е присутен на пазарот во Северна Македонија во продажбата на потрошувачка хемија (течни и прашкасти детергенти и средства за чистење во домаќинството) произведени од нејзината српска подружница БЕОХЕМИЈА д.о.о.

**ОТ ЛОГИСТИЦС С.А**. е најголем пристанишен оператор во Полска и еден од најголемите во басенот на Балтичкото Море.

ОТ ЛОГИСТИЦС С.А. нема подружница во Северна Македонија и не е активно на пазарот во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со

истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**